**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# П Р Е Д Л О Г

за утврдување Предлог-Одлука за распределба на Добивката на
Стопанска банка АД - Скопје за 2012 година

Скопје, мај 2013 година

Врз основа на член 40 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 248/12.12.2012, пречистен текст) Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје на состанокот одржан на 18.04.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување Предлог-Одлука за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2012 година

1. Предлогот за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје за 2012 година се утврдува како следи:

- Стопанска банка АД - Скопје (СБ), согласно Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишните финансиски извештаи на СБ за 2012 година, оствари добивка во износ од МКД 795,478,985.00;
- Износот од точка 1 од оваа Одлука го вклучува износот од МКД 5,231,212.00 издвоен за исплата на дивиденда на иматели на приоритетни акции;
- Износот од МКД 795,478,985.00 се распределува за акумулирана добивка.

2. Предлогот од точка 1 од оваа Одлука ќе биде доставен за одобрување до Собранието на акционери на СБ.

3. Предлог – Одлуката за распределба на Добивката на Стопанска банка АД - Скопје за 2012 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Н.О. бр. 2289
18.04.2013 година
С к о п ј е

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседател**
Константионос Братос

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Стопанска банка АД - Скопје (СБ), како што е утврдено во Билансот на успех за 2012 година, што е составен дел на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2012 година, оствари добивка во износ од МКД 795,478,985.00 (во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, што се задолжителни за банките, овој износ вклучува износ од МКД 5,231,212.00 распределен за плаќање на дивиденда на имателите на приоритетни акции).

Во согласност со Законот за банки и Статутот на СБ, добивката се распределува со Одлука на Собранието на акционери, на предлог на Надзорниот одбор. Имајќи го тоа предвид, се предлага добивката остварена во 2012 година во износ од МКД 795,478,985.00 во согласност со одредбите наведени во член 483 став 2 точка 5 од Законот за трговски друштва да се распредели за акумулирана добивка.

Со оглед на горенаведеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе приложената Одлука.

Скопје, мај, 2013 година

**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А

за распределба на Добивката на
Стопанска банка АД - Скопје за 2012 година

Скопје, Мај 2013 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 248/12.12.2012, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД - Скопје на седницата одржана на 22.05.2013 година донесе

**О Д Л У К А**

за распределба на Добивката
на Стопанска банка АД - Скопје за 2012 година

1. Стопанска банка АД - Скопје (СБ), во согласност со Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на СБ за 2012 година, оствари добивка во износ од МКД 795,478,985.00.

2. Износот наведен во точка 1 од оваа Одлука вклучува износ од МКД 5,231,212.00 распределен за плаќање на дивиденда на имателите на приоритетни акции.

3. Износот од МКД 795,478,985.00 се распределува за акумулирана добивка.

4. Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

С.О. Бр. _______
22.05.2013 година
С к о п ј е

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,